МладинскиКултурен
Центар-Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

**Битола, јануари 2013 година**

**Вовед**

Во 2012 година МКЦ - Битола одбележа 15 години успешно граѓанско делување. МКЦ – Битола е една од најпрепознатливите младински организации во Република Македонија. Во периодот од 15 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на Југоисточна Европа и пошироко. При тоа, МКЦ - Битола остварува плодна и долгогодишна соработка со партнери од невладиниот сектор, државните институции и министерства, локалната самоуправа и бизнис заедницата на меѓународно, национално и локално ниво.

2012 година беше особено значајна за МКЦ – Битола на полето на развој на волонтерството во Република Македонија, а тоа го потврдуваат неколкуте признанија кои организацијата ги доби како резултат на своето активно делување.

Позначајни постигнувања:

- ✓ МКЦ Битола го изработи ***Извештајот за Република Македонија за волонтерството и волонтерските политики*** кој беше промовиран на Годишното Собрание на Европскиот Волонтерски Центар од Брисел (CEV) на почетокот на мај 2012 година во Копенхаген – Данска.
- ✓ Доделена ***Блгодарница за поддршка и промоција на волонтерството во Р. Македонија*** од страна на Националниот совет за развој на волонтерството во Р. Македонија и Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија.
- ✓ ***Доделена традиционалната награда на Битолски весник за најуспешна граѓанска организција во Битола за 2012 година.***
- ✓ Во рамките на локалниот волонтерски сервис беа реализирани ***тримесечни волонтерски позиции на 60 волонтери во јавни институции, државни органи, НВОи и локална самоуправа во 7 градови во Македонија во 2012 и обезбедени нови 70 волонтерски позиции за 2013 година.*** Беа потпишани меморандуми за соработка со 38 институции низ Македонија од кои со 10 локални самоуправи (Битола, Тетово, Јегуновце, Прилеп, Охрид, Кавадарци, град Скопје, Карпош, Гази Баба, Свети Николе).

За успесите на МКЦ – Битола се заслужни 10 вработени и над 100 активни волонтери, партнери, соработници и други чинители во општеството. Денес МКЦ - Битола брои широко членство од над 1000 млади луѓе.

**Реализирани програми и проекти:**

Младински културен центар – Битола во 2012 година ги имплементираше трите програми:
1. Волонтерство и неформална едукација
2. Развој на граѓанското општество
3. Култура

Програмата за 2012 година продолжи да биде поддржана со институционален грант во рамките на Програмата ЦИВИКА МОБИЛИТАС, имплементирана од ЦИР-а со финансиска поддршка на Швајцарската агенција за развој.

**<u>Промоција на волонтерството</u>**

Во рамките на оваа програма се спроведуваа континуирани активности пред целната група за промоција на програмата Европски волонтерски сервис и промоција на летните волонтерски кампови за сезоната 2012 преку користење на социјалните мрежи (фејсбук, мајспејс) и е-маил листи, како и директни контакти преку информативни средби и работилници организирани во средните училишта,  универзитетот во Битола и во просториите на МКЦ - Битола.

Во рамките на соработката воспоставена со Европскиот Волонтерски Центар од Брисел (CEV), Ивона Крстевска како претседател на управниот одбор на SEEYN, учествиваше на генералното собрание и симпозиум на CEV во Португалија, при што активно се вклучи во изработката на стратешкиот документ на CEV кој ќе се однесува на соработката на оваа најголема европска мрежа на волонтерски центри со волонтерски организации од југоисточна Европа.

Во октомври 2012 МКЦ – Битола го издаде најновото електронско издание на билтенот „Волонтер“ број 9. Содржини:

- Волонтерска инфраструктура во Европа 2012
- Меѓународен младински арт фестивал „Битола отворен град 2012“
- Меѓународен тренинг курс „Напреден волонтерски менаџмент“
- Програма за градење на капацитети за локални граѓански организации
- Јавен повик за волонтерски награди 2012
- 70 нови волонтерски позиции во локалниот волонтерски сервис



Младинскиот културен центар – Битола како Волонтерски центар на Македонија секоја година го прославува 5-ти декември, меѓународниот ден на волонтирањето со активности преку кои го промовира волонтерството пред општата јавност како општествено корисна дејност и ги стимулира особено младите луѓе да волонтираат.






Програмата вклучуваше:

- Едукативна презентација на волонтерските програми како можности и практични искуства. На презентацијата свои излагања имаа Златко Талевски и Александар Тодоровски. Присуството на 15 волонтери со своите волонтерски приказни ја направија презентацијата интересна за 80-тина млади луѓе.

- *Волонтерска акција* за промоција на волонтерската работа, волонтерските програми и презентација на волонтерството како вредност, а не цел. 30 волонтери од МКЦ – Битола ги промовираа волонтерските вредности и можности во 4 средни училишта од Битола.
- Проекција на филмот *Локален волонтерски сервис* во продукција на МКЦ – Битола

- *Свечена церемонија за доделување на златен, сребрен и бронзен сертификат за Волонтерски ангажман 2012* - национални волонтерски награди по повод Меѓународниот ден на волонтирањето 5-ти декември.
- Волонтерска журка со *В.Boy*

5-ти декември беше дополнително значаен за МКЦ – Битола поради оддаденото признание од страна на Националниот совет за развој на волонтерството во Р. Македонија и Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија како значаен фактор во развојот на волнтерствто во Р. Македонија со доделувањето на *Благодарница за поддршка и промоција на волонтерството во Р. Македонија.*

**Локален волонтерски сервис**




Во рамките на проектот Локален волонтерски сервис кој започна со реализација од 1-ви октомври 2012 со поддршка на National Endowment for Democracy се презедоа следните активности:

- *Одржување на дата базата на Локалниот волонтерски сервис (ЛВС)*

До декември 2012 година се пријавиле вкупно 1174 потенцијални волонтери и 121 организатори на волонтирање, од кои во периодот на известување се пријавиле 407 нови волонтери и 15 организатори на волонтирање.

- *Активна комуникација со јавните институции, државни органи и НВО*

*волонтерски информативни точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Свети Николе, Прилеп, Охрид и Скопје.*

- *Јакнење на капацитетите на волонтерските инфо точки*

Се одржа координативна средба на која координаторите на сите 6 волонтерски инфо точки и МКЦ – Битола ја разработија во детали програмата на регрутирање на волонтерите, посредување за нивно сместување во институции, одржување на состаноци со јавните институции, државни органи и НВОи и давање на експертиза за волонтерски менаџмент.

- *Процес на пријавување, прибирање и селекција на потенцијални волонтери и организатори на волонтирање*

Беше објавен јавен оглас за пријавување на заинтересирани граѓани за волонтирање во јавни институции, координирано во сите седум градови: Битола, Тетово, Свети Николе, Кавадарци, Прилеп, Охрид и Скопје. Користејќи ги социјалните мрежи, преку соопштение за јавност се информираа што повеќе млади луѓе за циклусот на сместување на волонтери за 2013 година. Се реализираа состаноци со потенцијалните организатори на волонтирањето во сите седум градови. Врз основа на добиените апликации од заинтересираните кандидати и состаноците со потенцијалните организатори на волонтирање, а во координација на МКЦ- Битола со шестте волонтерски инфо точки (Агтис – Прилеп, Младински совет – Охрид, СППМД Кавадарци, ИРЗ – Тетово, ОЖ Свети Николе и МОФ - Скопје), во декември 2012 година се направи селекција на 70 кандидати за волонтирање во 38 институции во Битола, Тетово, Свети Николе, Кавадарци, Прилеп, Охрид и Скопје.

- *Обуки за волонтерски менаџмент за јавни институции и државни органи, НВО и локална самоуправа и за селектираните волонтери*

Обуките се реализираа во координација со волонтерските инфо точки во седум градови во Македонија, а ги водеше Златко Талевски и на нив зедоа учество селектираните волонтери и раководните лица во локалните самоуправи, јавните обвинителства и јавен правобранител, правосудните органи, подрачните министерства, НВОи кои третираат прашања од областа на човековите права и сл.

Процесот на волонтирање ќе стартува од 1-ви јануари 2013 и ќе трае три месеци.

**<u>Меѓународен волонтерски сервис</u>**

МКЦ-Битола и во 2012 година продолжи со администрирање на краткорочни и долгорочни меѓународни волонтерски размени (кампови и ЕВС) и организираше 2 меѓународни волонтерски кампови со учество на 18 странски волонтери „Слепче 2012“ и „Битола отворен град 2012“.

**<u>Програма за менторство на МКЦ Битола</u>**

Во рамките на Програмата за градење капацитетите на граѓанските организации на ТАКСО, од МКЦ – Битола за ментори беа предложени и прифатени Маја Ангеловска, Ивона Крстевска и Александар Тодоровски со цел спроведување на процес на менторство на следните организации:

1. Здружение на граѓани за демократија Together Macedonia – Битола
2. Форум на млади- Битола
3. Зелената Арка – Скопје

Програмата на градење на капацитети на овие организации започна во јуни 2012 со процесот на самопроценка. Менторите работеа со менторираните организации на одредување на приоритети за развој, ги поддржаа во процесот на изработка на SWOT анализа и/или инструмент за проценка на организациските капацитети, во процесот на изработка на матрица на развојни приоритети и во изработката на предлог план на градење на капацитети. Индивидуалните планови за менторство се реализираа во периодот септември – декември 2012 и вклучуваа комбинација од обуки и in-house coaching на четири теми: прибирање на фондови, раководење со проекти, застапување и лобирање со фокус на младински активизам и организациски менаџмент. Менторираните организации како резултат на обуките изготвија свои индивидуални стратешки планови и планови за прибирање на фондови и развија најмалку по една проектна идеја. На обуките учествуваа 16 членови на Together Macedonia, 16 членови на Зелената арка и 9 членови на Форум на млади, или вкупно 48 членови, претставници на 3 младински организации.







## Тренинг сервис

Во рамките на тренинг сервисот на МКЦ – Битола, континуирано се работи на подобрување на знаењата и вештините на младите во локалната заедница преку обуки за волонтерски менаџмент, проектен циклус и меки вештини. Во периодот јануари - декември 2012 се одржуваа редовни работилници за членовите на МКЦ – Битола распоредени во 5 младински клубови: ЛМИ клуб, еко клуб, арт кластер, е-кластер и вербал кластер. 82 активни волонтери од 15 – 25 години редовно ги посетуваат работилниците од кои 39 машки и 43 женски волонтери.

- Меѓународен тренинг курс *„Градење на мир во поделени заедници“* од 22 – 29 април во Битола, со учество на 30 младински лидери од 12 европски земји. Обуката беше финансирана од Европската младинска фондација.

Основната цел на обуката беше да се поттикнат  младите на развој на мировни иницијативи во локалните заедници. Програмата вклучуваше работа на теми поврзани со анализа и решавање на конфликти, развој на мировни иницијативи како и развивање на конретни проекти за градење на мир во поделени заедници. Учесниците имаа можност за размена на искуства преку неформално учење за развој на нивните вештини и компетенции за лидерство на младински мировни иницијативи.





- Меѓународен тренинг курс „*Напреден волонтерски менаџмент*“ од 01 – 09 октомври 2012 година во Битола со учествуво на 35 волонтерски менаџери и експерти за волонтерство од 10 европски земји.

Главна тема на тренинг курсот беше јакнење и унапредување на вештините на младинските лидери од Европа за волонтерски менаџмент со цел подобрување на партиципативните методи за вклучување на младите луѓе во локалните заедници преку волонтерска работа и регионална соработка. Учесниците на обуката го проширија своето знаење и добија нови вештини за социјалната инклузија на младите, развивање на волонтерски програми во заедницата како алатка за поголема вклученост на младите, како и практичните чекори за менаџирање на волонтери и волонтерски програми. Исто така, учесниците имаа можност за размена на искуства и добри практики, како и за креирање на нови можности за партнерска соработка помеѓу своите организации. Обуката беше финансирана од програмата Млади во акција на Европската комисија.




- Во партнерство со Фондацијата Балканско наследство од Бугарија успешно беа реализирани 2 двонеделни сесии на археолошката школа Хераклеја Линкестис со учество на 42 млади археолози од САД, Велика Британија, Канада и други земји.

- Циклус обуки во рамките на проектот Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување – ЈЕС Мрежа.

Младински културен центар – Битола имплеменатираше два циклуси од обуките во рамките на проектот Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување – ЈЕС Мрежа, финансиран од УСАИД, имплементиран од Центар за развој на образование (ЕДЦ). Овој проект ја спроведува Програмата за *Подготовка за вработување и работа* која е дизајнирана за да им ги обезбеди на младите потребните основни вештини и знаење за да станат здрави, продуктивни работници и учесници во граѓанското живеење и живеењето во заедницата. Обуките се реализираа во јануари и декември 2012 година за вкупно 50 учесници кои на крајот од обуките добија сертификати за учество.






**<u>Развој на граѓанското општество</u>**

МКЦ-Битола активно соработуваше со други партнерски организации преку инцијативата Република млади, Платформата за студентски плурализам и Младинската мрежа на југоисточна Европа. МКЦ – Битола активно се вклучи во формирањето и развивањето на новата национална иницијатива за промовирање на независна културна сцена во Република Македонија. МКЦ – Битола е една од организациите основачи на ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена која и официјално се регистрира во мај 2012. Мрежата има за цел активно да се вклучи во креирањето на културните политики во Македонија.

Паралелно со оваа иницијатива МКЦ – Битола стана и член на КООПЕРАТИВА - регионалната платформа за култура која се состои од 22 организации од Македонија, Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија и има за цел да организара јавни културноуметнички манифестации, стручни собири, тркалезни маси, трибини, јавни расправи, семинари, работилници, да спроведува стручни истражувања од областа на културата, уметничка продукција и да учествува во креирањето на културните политики во регионот.

**<u>Регионална канцеларија на МОСТ</u>**

МКЦ-Битола како регионална канцеларија на ГА МОСТ ја ко-организираше јавната дебата „Твојот избор да биде личност“ во Битола со учество на 120 граѓани за дискусија по предлозите за промена на изборниот модел во РМ и воведување на отворени изборни листи.

**<u>Бесплатна правна помош:</u>**

МКЦ-Битола е овластено здружение од Министерот за правда за давање на претходна правна помош и е запишано во регистарот на Здруженија на граѓани за претходна правна помош.

Во 2012 година укажана е претходна правна помош на над 200 баратели. Најчесто се дава општа правна информација и тоа најчесто се работи за заштита на права предвидени со законот за социјална заштита. Исто така опфатени се и правата од семејни односи, заштита на права на деца итн.

**Култура:**

Во рамките на културната програма на Центарот, успешно беше реализирано 11-то издание на Меѓународниот младински фестивал Битола отворен град со над 3000-на публика со вклучени над 32 меѓународни уметници и големиот музички хепенинг на ракометното игралиште со извонредните ***Хладно пиво, Рамбо Амадеус и Фолтин*** со што се заокружи богатото битолско културно лето. Во рамките на културната агенда беа организирани 2 изложби на млади автори од Битола, а беше поддржано и првото ЦД на младиот битолски бенад Молокаи.







На 26 декември 2012 година МКЦ-Битола ја организираше **роденденската журка по повод 15 години од формирањето на организацијата.**




